# З А П И С Н И К

Од дваесет и осмата седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 21.12.2023 година, (четврток) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни: 15** советници.
**Отсатни: /**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Бујамин Рушити, кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување и кажа, имаме уште една дополнителна точка за која треба да дискутираме а тоа е Писмо за намери од страна на МЗ – Теново застапувана од Претседателот на истата, Башким Рамадани за која точка треба да донесеме Одлука за прифаќање на донација.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред.

## Дневен ред

1.Разгледување и усвојување на записникот од дваесет и седмата седница на Советот на општина Брвеница.
2.Усвојување на Извештајот од Комисијата за финансии и Буџет на општина Брвеница за 2024, 2025 и 2026 година.
3.Разгледување и усвојување на Предлог- Буџет на општина Брвеница за 2024, 2025 и 2026 година.
4.Разгледување и усвојување на Предлог-Одлуката за извршување на Буџетот на општина Брвеница за 2024 година.
5.Разгледување и усвојување на Предлог-Буџетскиот календар за 2024 година .
6.Разгледување и усвојување на Методологијата за распределба на Блок-Дотацијата на општината за 2024 година.
7.Разгледување и усвојување на Предлог-Одлуката за Благајничкиот максимум за 2024 година.
8.Разгледување и усвојување на План Програма за работа на ОЈП ,,Вардар,, - Брвеница за 2024.
9.Предлог- Одлука со која се дава согласност на Годишниот План за вработување за ОЈП ВАРДАР Брвеница за 2024 година.
10.Предлог-Програма за активностите на Општина Брвеница во областа на заштитата и спасувањето, и справувањето со кризи во 2024 година.
11.Предлог-Годишна Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Брвеница за 2023/2024 година.
12.Избор на најдобар ученик, наставник, работник и друго како и прогласување на почесен граѓанин на општина Брвеница.

Претседателот на Советот ги прочита точките и кажа, доколку и вие имате предлози за измени и дополнување на дневниот ред, кажете.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот дневниот ред заедно со дополнителната точка, го стави на гласање и истиот едногласно се усвои од присутните 15 советници.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на записникот од дваесет и седмата седница на Советот на општина Брвеница „ Претседателот на Советот ја прочита истата и праша дали има забелешки на записникот.

Претседателот на Советот отвори расправа и воедно кажа дека има една техничка грешка кај албанскиот дел во дневниот ред.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„Записникот од дваесет и седмата седница на Советот на општина Брвеница заедно со забелешката„** го стави на гласање и истиот беше едногласно прифатена од присутните 15 советници.

**II**

По однос втората точка на дневен ред, „Усвојување на Извештајот од Комисијата за финансии и Буџет на општина Брвеница за 2024, 2025 и 2026 година„ Претседателот на Советот збор му даде на Претседателот на Комисијата за финансии.

Претседателот на Комисијата за финансии кажа, оваа точка беше разгледана на Комисијата за финансии и истата беше едногласно прифатена.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„Извештајот од Комисијата за финансии и Буџет на општина Брвеница за 2024, 2025 и 2026 година„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатен од присутните 15 советници.

**III**

По однос третата точка на дневен ред, „Разгледување и усвојување на Предлог- Буџет на општина Брвеница за 2024, 2025 и 2026 година„ , Претседателот на советот ја прочита истата и збор му даде на соодветниот од општината.

Соодветниот од општината кажа, како и секоја година пред нова година го усвојуваме Буџетот на општината, по инструкции од Министерството за финансии но и со со закаснување од нивна страна. Што се однесува до Буџетот, основниот Буџет изнесува 105.326.621 денари од кои 78.306.000 денари се наши средства и толку ни е ограничувањето, тоа се средства од давачки кон општината и 27.020.000 денари се средства од ДДВ-то. Овие средства се по динамика распределени на 12 месеци.

Понатака соодветниот од општината продолжи да го образлага Буџетот по програми и ставки.

По образлагањето на соодветниот од општината, Претседателот на Советот отвори расправа и воедно праша, на ставката основни плати дали ги опфаќа и хигиеничарите кои не се државни службеници? И дали влегува делот – децата првачиња.

Соодветниот од општината одговори, не се работи за хигиеничари туку за други вработени кои не се државни службеници. Во врска со второто прашање се работи за новороденчиња односно за еднократна парична помош.

За збор се јави Абеб Нухии и кажа, минатата година капитални расходи сме имале преку 25 милиони а оваа година имаме 12 милиони.

Соодветниот од општината кажа, 25.000.000,00 денари со зголемување во првиот и вториот ребаланс бидејќи имаме пренесено средства од околу 12.000.000,00 денари. Минатата година сме имале за нафта а сме додале 550.000 денари во вториот ребаланс за превоз бидејќи училиштето Гоце Делчев должеше. Затоа сме ги скратиле овие средства и сме ги ставиле во друга ставка.

Абеб Нухии повторно зеде збор и додаде**,** значи дека овие 12 милиони може да ги префрлиме во друга програма и таму да ги зголемиме средствата за изградба на патишта, ако постои таква можност. Дали за овие средства може да направиме рамка.

Соодветниот од општината кажа, тешко е тие средства да се скратат, ако од таа страна кратиме ќе се соочиме со проблем во училиштата.

Претседателот на Советот праша, дали во тие 12 милиони се предвидени и тековните работи на кои сеуште се работи.

Соодветниот од општината кажа, имаме неколку патишта но не ќе можеме да ги покриеме оваа година. Можеби ќе има и други проекти.

Претседателот на Советот кажа, со ребаланс ќе ги опфатиме и овие патишта.

Злате Китаноски се јави за збор и кажа, во овие 12 милиони кои улици се предвидени да се реконструираат, и дали е предвидена улицата од Алумина до излез во Милетино.

Соодветниот од општината кажа, немаме конкретно одредено кај ќе се работи и кај ќе се интервенира.

Градоначалникот кажа, за помалите улички ние сами од општината ќе интервенираме.

Абеб Нухии се јави за збор и ги читаше надлежностите на Советот, потоа кажа, нашата општина досега работела добро, треба да работи и понатака на истиот начин. Поставување на бекатонки на патот во Челопек, патот кај Циле маало, кај џамијата во с.Челопек, дел од бекатонките ќе одат на патот до стадионот на Беса. Во Милетино кај Алумина до излезот како што рече Злате, кај Деан исто така, кај агаларите, патот кај Долно маало и патот Челопек – Милетино. Исто така и банкини по патот за Гургурница. И во другите населени места каде што треба ќе бидат покриени со бекатонки, да не ни остане ни еден пат не направен.

Злате Китаноски повторно зеде збор и кажа, ние како советничка група имаме 3 предлози. Еден предлог е Формирање на дневен центар за деца во склоп на ОУ Коста Рацин, Вториот предлог е да се поставаат контињери за собирање на смет на целата територија на општина Брвеница, и третиот предлог е да се реализираат бушотините во Милетино и Брвеница.

Соодветниот од општината кажа, Буџетот за 2025 зголемен е за 3% а за 2026 е зголемен за 6% и ќе бидат доставени така како Буџети.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,,Буџет на општина Брвеница за 2024, 2025 и 2026 година,, ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните 15 советници.

**IV**

По однос четвртата точка од дневниот ред ,,Разгледување и усвојување на Предлог-Одлуката за извршување на Буџетот на општина Брвеница за 2024 година,, , Претседателот на Советот збор му даде на Претседателот на Комисијата за финансии.

Претседателот на Комисијата за финансии кажа, и оваа точка е тековна и се разгледува кога се носи Буџетот. Ние сите имавме материјал и сме ја разгледале, на комисијата истата ја усвоивме предлагаме и вие да ја усвоите.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,,Одлуката за извршување на Буџетот на општина Брвеница за 2024 година,, ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните 15 советници.

**V**

По однос петтата точка на дневен ред, „ Разгледување и усвојување на Предлог-Буџетскиот календар за 2024 година „ , Претседателот на советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за финансии.

Претседателот на Комисијата за финасии кажа, и оваа точка ја разгледавме на комисијата и оваа точка е една од тековните која ја определува динамиката на трошење на средствата од Буџетот по периоди и месеци. Ние на комисијата ја усвоивме истата, предлагаме и вие да јаа усвоите.

Соодветниот од општината кажа,

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Буџетскиот календар за 2024 година„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните 15 советници.

**VI**

Поднос шестата точка на дневен ред, „Разгледување и усвојување на Методологијата за распределба на Блок-Дотацијата на општината за 2024 година„ , Претседателот на советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за финансии.

Претседателот на Комисијата за финансии кажа, една од тековните точки е и оваа за распределба на Блок-Дотациите, материјал имавме и сите сме го разгледале, ние точката ја прифативме предлагаме и вие да ја прифатите.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Методологијата за распределба на Блок-Дотацијата на општината за 2024 година„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните 15 советници.

**VII**

По однос седмата точка на дневен ред, „Разгледување и усвојување на Предлог-Одлуката за Благајничкиот максимум за 2024 година„ , Претседателот на советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за финансии.

Претседателот на Комисијата за финансии кажа, и оваа точка Благајнички максимум за 2024 година ја поминавме на комисијата, предлагаме и вие да ја прифатите.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „ Одлуката за Благајничкиот максимум за 2024 година„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните 15 советници.

**VIII**

По однос осмата точка на дневен ред, „Разгледување и усвојување на План Програма за работа на ОЈП „Вардар„ - Брвеница за 2024„ , Претседателот на советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Времената комисија.

Претседателот на Времената комисијата кажа, со оваа програма се опфатени бушотините за бунарите во Милетино и Брвеница и треба да се ангажираме да се реализира истото.

Светлана Стаматовска се јави за збор и кажа, Брвеница сериозно се соочува со проблемот на недостиг на вода за пиење, секако да се ангажираме за да се реализира истото.

Директорката од ОЈП кажа, многу е важно да се реализираат бушотините оваа година 2024, мислам дека треба да се реши и ќе се реши овој проблем со кој се соочуваме.

Бујамин Рушити кажа, имаме едно барање за поставување на ступчиња околу училишниот двор бидејќи децата се во опасност и неможат да поминат.

Директорката на ОЈП кажа, во догледно време ќе гледаме да го решиме овој проблем.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „План Програма за работа на ОЈП „Вардар„ - Брвеница за 2024„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните 15 советници.

**IX**

По однос деветтата точка на дневен ред, „Предлог- Одлука со која се дава согласност на Годишниот План за вработување за ОЈП ВАРДАР Брвеница за 2024 година„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и пред да му даде збор на Претседателот на Времената комисија праша, каде пишува дека ќе се вработат 3 македонци и 2 албанци, а тука во материјалот пишува дека ќе се вработат вкупно 8.

Директорката на ОЈП кажа, кај План-Програмата за вработување има една техничка грешка бидејќи се работи за вкупно 5 вработувања 3 македонци и 2 албанци а не 8 како што пишува тука но сепак не значи дека тие вработувања ќе се реализираат бидејќи се зависи од финансиските средства кои ни се на располагање. По балансерот сме навеле такви вработувања каква потреба сме имале.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука со која се дава согласност на Годишниот План за вработување за ОЈП ВАРДАР Брвеница за 2024 година„ ја стави на гласање и истата беше прифатена со 13 гласа „за„ и 2 Воздржани. од страна на присутните 15 советници.

**X**

По однос десетата точка на дневен ред, „Предлог-Програма за активностите на Општина Брвеница во областа на заштитата и спасувањето, и справувањето со кризи во 2024 година„ , Претседателот на советот ја прочита истата и збор му даде на соодветниот од општината.

Соодветниот од општината кажа, План Програмата се носи секоја година и се донесува согласно Законот за заштита и спасување и справување со кризи, и соодветниот од општината продолжи да образлага по однос План Програмата. Соодветниот од општината на крајот кажа дека требаше да се предвиди аспектот родова еднаквост и приоритет да бидат лицата со посебни потреби и ние истото го предвидовме и ставивме приоритети.

Претседателот на Советот пред да отвори расправа, праша, по однос депониите од кои се појавуваат пожари да кажеме дека има дива депонија до нас.

Соодветниот од општината кажа, од сите кризни состојби највеќе опасност има од пожарите, во случајов интервенирано е и пожарот е изгаснат. Во меѓувреме правиме депонија и ќе ги санираме постоечките депонии кои ни прават проблем.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Програма за активностите на Општина Брвеница во областа на заштитата и спасувањето, и справувањето со кризи во 2024 година„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните 15 советници.

**XI**

По однос единаесетата точка на дневен ред, „Предлог-Годишна Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Брвеница за 2023/2024 година„ , Претседателот на советот ја прочита истата и збор му даде на соодветниот од општината.

Соодветниот од општината го цитираше член 99 од Законот за градежно земјиште, кој член дава насоки за изработка на програма, затоа мора да го имаме овој документ и да формираме комисија по однос истото.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Годишна Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Брвеница за 2023/2024 година„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните 15 советници.

**XII**

По однос дванаесетата точка на дневен ред, „Избор на најдобар ученик, наставник, работник и друго како и прогласување на почесен граѓанин на општина Брвеница„ , Претседателот на советот ја прочита истата и исто така го прочита списокот на предлозите за најдобри ученик, наставник, работник и друго како и почесен граѓанин.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Избор на најдобар ученик, наставник, работник и друго како и прогласување на почесен граѓанин на општина Брвеница„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните 15 советници.

**XIII**

По однос тринаесетата и дополнителна точка од дневниот ред, „Писмо за намери од МЗ – Теново„ , Претседателот на советот ја прочита истата и кажа, Месната заедница од село Теново предводена од Башким Рамадани изрази волја да даде придонес за развој на нашата општина со финансиски средства во висина од 2.500.000,00 денари.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Збор зеде Дончо Симјаноски и кажа, овој потег на Претседателот на МЗ Теново и мислам дека треба да ја прифатиме донација и да му изразиме голема благодарност. Оваа донација е добредојдена.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Писмо за намери од МЗ - Теново„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните 15 советници.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши дваесет и осмата седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**
Наташа Стојческа

**Претседател на Совет**
**Бујамин Рушити**

**Бр.08-2475/2**
**21.12.2023 год.**
**Брвеница**